CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

КЛЕА
ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА "КЛЕА"

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# ПРЕКУ РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ДО НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА




Автори:
**Даница Петличкова и Виолета Димовска**
Партнерска организација:
**ЖГИ ,,КЛЕА,, Битола**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Ристе Јуруковски**
М-р **Емил Шурков**



Чувар(к)и на јавно ќесе за родово одговорен буџет е активност која се спроведува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

# ПРЕКУ РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ДО НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Автори:
**Даница Петличкова и Виолета Димовска**
Партнерска организација:
**ЖГИ ,,КЛЕА,, Битола**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Ристе Јуруковски**
М-р **Емил Шурков**

“Содржината на оваа публикација е одговорност на ЖГИ ,,КЛЕА,, Битола и таа во никој случај не ги одразува ставовите на UN Women, Австриската развојна агенција, Швајцарската агенција за соработка и развој, и ЦИКП Консалтинг ДОО”

# Содржина


1. Вовед ........ 4
2. Методологија ........ 5
3. Институционален контекст и рамка на јавни политики ........ 6
4. Опис на конкретната политика ........ 7
5. Опфат, корисници, чинители ........ 8
6. Буџетска анализа и главни наоди ........ 12
7. Добри примери и практики ........ 14
8. Заклучок и препораки ........ 14
9. Литература ........ 16


# Листа на табели


**Табела 1** - Мерки за родова еднаквост и економско јакнење на жените во Стратегијата за родова рамноправност во о.битола 2016/2018год. ........ 7

**Табела 2** - Листа на најбарани и намалку барани професии ........ 8

**Табела 3** - Капацитети и вештини кои ги поседуваат невработените жени со високо образование ........ 12

**Табела 4** - Мерки и активности кои треба да ги превземе о.Битола за самовработување на невработените жени со високо образование ........ 13


# Листа на графици


**График 1** - Вкупно невработени лица во О.Битола ........ 4

**График 2** - Вкупниот број на невработени жени во однос на вкупниот број на невработени лица по степен на образование ........ 5




## 1. Вовед

Битола е најголемиот градски центар во плодната Пелагонија. Според направениот попис од 2002год. вкупното население во Општина Битола (О.Битола) изнесува 95.385 жители, од кои 46.969 мажи и 48.416 жени. Во градот живеат 74.550 жители a 20.835 жители се сместени во 65 села кои се дел од О. Битола. Во однос на етничката застапеност 90% се Македонци, а останатите 10 % се од други националности.

Една од основните карактеристики на населението во О. Битола е мошне интензивна мобилност која се изразува низ разни форми на миграциски движења. Најзастапени се движењата на релација село-град, во други општини од Републиката, најчесто Скопје и движења од Македонија во други држави.

Во развојот на битолската економија значаен фактор претставуваат природните услови кои се темелат, пред се на природниот фактор и тоа во прв ред на: земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералните богатства и др., а приватната сопственост е основен двигател.

Во О. Битола, според податоците добиени од АВРМ заклучно со јули 2016год. има вкупно 5.947 невработени лица (График 1), од кои половина се невработени жени. Иако навидум изгледа дека мажите и жените подеднакво се справуваат со невработеноста, податоците прикажани во График 2 ни покажуваат дека тоа е случај со мажите и жените без образование и со средно образование, додека жените со високо образование се далеку позастапени во групата невработени од мажите (скоро 2/3 о вкупниот број невработени со високо образование се жени).

**График 1** - Вкупно невработени лица во о. Битола



**График 2** - Вкупниот број на невработени жени во однос на вкупниот број на невработени лица по степен на образование




Од прикажаното произлегува дека едно од најзначајните прашања за родова еднаквост во О.Битола е економското јакнење на жените и нивното учество на пазарот на труд, со посебен акцент за вработување на жените со завршено високо образование.

## 2. Методологија

Истражувањето се одвиваше во период од 20-ти септември до 1-ви октомври 2016год. Предмет на следење беа активности/мерки кои се содржани во усвоените и донесени акти во О. Битола, а се однесуваат на намалување на невработеноста на жените со високо образование и буџетот кој е алоциран за спроведување на овие мерки.

Истражувањето беше спроведено врз основа на развиена методолошка рамка преку која беа обезбедени основните информации и податоци потребни да се даде одговор на општите прашања од интерес како што се:

- Какви се капацитетите и вештините кои ги поседуваат невработените жени со високо образование во О. Битола
- Колку капацитетите и вештините кои ги поседуваат невработените жени со високо образование во О.Битола се соодветни на потребите на работодавачите
- Какви конкретни мерки и активности се планирани за реализација во 2017год, а се предвидени во Стратегијата за родова рамноправност 2016/2018год. и Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016/2017год.
- Каков е бенефитот од превземените активности за намалување на невработеноста на жените со високо образование



- Колку ќе чинат спроведувањето на мерките и активностите планирани за реализација во 2017 год.

Како метод на истражување беше спроведена анкета на статистички значаен примерок од оваа група (88 испитанички) од вкупно 760 невработени жени. Добиените резултати беа споредени со веќе постоечките податоци за потребите и барањата на работодавачите во О.Битола, кои се дел од анализата за потребите од вештини на пазарот на трудот за периодот 2015 / 2016 год. направена од страна на АВРМ.

Следен чекор во истражувањето беше разгледување и анализа на предвидените активности во Стратегијата за родова рамноправност 2016/2018год. и Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016/2017год. со цел да се види кои од предвидените активности треба да се реализираат со конкретни средства од буџетот на О. Битола за 2017год. Исто така, беше направено интервју со претседателката на КЕМ заради утврдување на мерките и активностите планирани за реализација во 2017год. од Стратегијата за родова рамноправност и Акцискиот план за економско јакнење на жените.

На крајот беше изработен модел на мерки и кост бенефит анализа на истите заради утврдување на бенефитот кој ќе се добие при споредување на издвоените средства од буџетот за 2017год, со бројот на жени со високо образование кои би се вработиле.

## 3. Институционален контекст и рамка на јавни политики

О. Битола ги има направено првите чекори во создавање услови за еднакви можности меѓу мажите и жените, како и во делот на родовото буџетирање. Општината има усвоено Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола-Општина без дискриминација 2016/2018год.[1]; Акциски план за економско јакнење на жените 2016/2017год.[2] и Програмата за работа на КЕМ за 2016год.[3] која е изработена согласно Стратегијата и Акцискиот план.

Истовремено, буџетот на општината се смета за родово одговорен затоа што родова димензија (предвидува мерки соодветни за женските и машките родови улоги, одговорности, права, потреби, потенцијали, приоритети) е воведена уште во 2011год. во програмата за социјална заштита, а подоцна во програмата за комунални дејности, еднакви можности и ЛЕР.

Ова е резултат на макотрпната работа на воспоставување на овозможувачка околина за родово одговорно буџетирање што започна со формирање на комисијата за еднакви можности како постојано тело на Советот на општината во 2003год. и подготовка на база на податоци за родовата еднаквост во различни сегменти од животот на заедницата во 2004год. од страна на КЕМ и ЖГИ ,,Клеа,,. Притоа треба да се нагласи дека формален обврзувачки документ за внесување на родовата перспектива во процесите на планирање и буџетирање во О. Битола, не

[1]Акциски план за економско јакнење на жените 2016/2017год за Општина Битола, достапно на: https://goo.gl/ymXBtp
[2]Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола-Општина без дискриминација 2016/2018год https://goo.gl/DwF01E
[3]Службен гласник на О. Битола бр. 16 од 29.12.2015 година, достапен на: http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2015/05/SluzbenGlasnik_16_2015.pdf

постои.
Меѓутоа, постојат акти кои во ограничен обем содржат обврски релевантни за имплементирање на родовата перспектива во овие процеси како што е Стратегијата за родова рамноправност и стандардизирани циркуларни писма за буџетски предлози, кои се доставуваат до месните заедници кои се родово сензитивни. Деловникот за работа на КЕМ е исто така документ во кој јасно е дефинирана улогата и начинот на влијание на комисијата врз одлуките на Советот на Општината и другите општински органи во процесот на креирање на локална политика и буџетирање.

## 4. Опис на конкретната политика

Во однос на економското зајакнување на жените, Локалната самоуправа на О.Битола има усвоено конкретни мерки и активности во Стратегијата за родова рамноправност на О.Битола-општина без дискриминација 2016/2018год. Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016/2017год. и Програмата за работа на КЕМ за 2016год.која е изработена согласно Стратегијата и Акцискиот план.

**Табела 1** - Мерки за родова еднаквост и економско јакнење на жените во стратегијата за родова рамноправност во о. Битола 2016/2018год.

| **Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола-Општина без дискриминација 2016/2018год.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подпрограма: | **Родова еднаквост и економското јакнење на жената** | | | | | |
| Активност | **Одговорни** | **Опис на активност** | **Цел** | **Време** | **Финансиски ресурси** | **Индикатори** |
| Зголемен број на жени претприемачи | • КЕМ<br>• АВРМ<br>• АППРМ<br>• ЗГ | • отворени денови<br>• старт ап на бизниси<br>• промоција<br>• едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2016<br>2017 | 540.000 МКД | • број на изложувачи<br>• број на посетители<br>• број на старт-ап бизниси<br>• број на промотивен материјал<br>• број на обуки<br>• број на слушатели |
| Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот | • КЕМ<br>• АВРМ<br>• ЗГ | • мониторинг<br>• истражување и анализа<br>• промоција на активни мерки за вработување<br>• изработка на водич<br>• кампања за јакнење на свест | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2016<br>2017 | 900.000 МКД | • мониторинг<br>• утврдена родова нееденаквост<br>• искористеност на мерки за вработување<br>• тираж на водич<br>• број на матерјали |



**Табела 2** - Мерки за економско јакнење на жените предвидени во акцискиот план за економско јакнење на жените во о. Битола 2016/2017год.

| **Акциски план за економско јакнење на жените 2016/2017год.** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел** | **Опис на активност** | **Одговорни** | **Време** | **Ресурси** | **Извори** | **Показатели на успех** | **Индикатори** |
| **Стратегиска цел 2: Зголемен број жени претприемачи** | | | | | | | |
| **Зголемен интерес на невработени жени за сопствен бизнис само-вработување** | Организир. отворени денови за жени-претприемачки (промоција добри практики) | • КЕМ<br>• АВРМ<br>• ЗГ | два пати годишно 2016 2017 | • простор<br>• 80.000 денари за: покани, флаери, освежување. (20,000 денари по настан) | Општина Битола | • 4 настани – отворени денови за жени-претприемачи<br>• број на посетителинајмалку 100 по настан<br>• број на медиумски објави за настаните | • извештај од настаните – отворени денови за жени-претприемачи<br>• листа на посетители<br>• фотографии од настаните<br>• листа на медиумски објави за настаните |
| | Поддршка на старт-ап бизниси на жени: селекција на кандидатки, обука за бизнис план, награди | • КЕМ<br>• ЗГ<br>• Бизнис сектор | 2016 | 300.000 ден. за:<br>• оглас за кандидатки за старт-ап бизниси,<br>• обуки за бизнис план (експерти, простор, материјали<br>• свечено доделување награди<br>• награди за најдобрите бизнис-планови | донатори | • број пријавени кандидатки<br>• број на избрани кандидатки за обука за бизнис-план<br>• број на развиени бизнис-планови<br>• Број на посетители надоделување награди<br>• број на медиумски објави за доделување награди | • извештај за пријавување и избор на кандидатки<br>• извештај од спроведена обука<br>• извештај од доделување награди<br>• фотографии<br>• листа на медиумски објави за наградите |

Притоа треба да се наведе дека и во усвоената програма на КЕМ постои дел за родова еднаквост и економско јакнење на жените, во кој се предвидени следните активности:

- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот
- Зголемен број на жени претприемачки

За спроведување на Стратегијата и Локалниот акциски план за јакнење на економската положба на жената одговорни се КЕМ и Здруженијата на граѓани. Но како што може да се види ниту една од предвидените мерки, посебно не цели кон целната група на оваа анализа – високообразованите невработени жени од О. Битола.

## 5. Опфат, корисници, чинители

Податоците од Графикот 2 покажуваат дека многу помал е бројот на невработени жени без образование и со неоформено средно образование во однос на мажите, што покажува дека поголем број на жени

се вработени на работни места кои се малку платени.

За разлика од тоа од невработените жени со високо образование, магистратура и доктори на науки, значајно поголем е бројот на невработени жени во однос на мажи, односно жените имаат многу помал пристап до добро платени работни места. Истовремено тие имаат и помалку можности со своето знаење и креативна моќ да учествуваат во развојот на општината затоа што работните места кои (не) ја развиваат општината се резервирани за мажите. Оваа состојба укажува на родова нерамнотежа помеѓу распределбата на трудот и личниот доход, но особено укажува на нееднаквите можности на мажите и жените кои ги имаат на пазарот на труд во општината.

Имајќи во предвид дека моќта во одлучувањето е онаму каде се парите, јасно е поголемото влијание на мажите врз донесувањето на одлуките во заедницата. За надминување на ваквата состојба потребно е вклучување на повеќе засегнати страни: невработените жени, работодавачите / стопанственици регистрирани во О. Битола, АВРМ (врска помеѓу невработените и работодавачите) и ЛС на О. Битола, кои би делувале преку политиките и донесените обврзувачки документи во насока на економско јакнење на жените. Но потребни се и конкретни мерки и средства за нивна реализација за унапредување на положбата на невработените жени со високо образование на пазарот на труд во О.Битола.

За да се развијат конкретни мерки пак треба да се знаат кои се директните корисници на мерките. АВРМ во О.Битола ги достави следните податоци околу регистрираните 760 невработени жени со високо образование, магистри и доктори на науки, според завршен факултет (Табела 3).

**Табела 3** - Број и процент на невработени жени во о. Битола според видот на завршен факултет. Извор: АВРМ[4]

| Вид на образование | Број на жени според образование | % на жени од вкупно невработени жени со високо образование |
|---|---|---|
| **педагошки факултет** | 220 | 29% |
| **економски факултет** | 130 | 17% |
| **правен факултет** | 60 | 8% |
| **технички факултет** | 60 | 8% |
| **филолошки факултет** | 30 | 4% |
| **јавна администрација** | 25 | 3% |
| **висока медицинска школа** | 22 | 3% |
| **сообраќаен факултет** | 15 | 2% |
| **туризам** | 15 | 2% |
| **математика** | 15 | 2% |
| **машински факултет** | 15 | 2% |
| **Други** | 153 | 20% |

[4]Веб страна на Агенција за вработување на Македонија (АВРМ): http://www.avrm.gov.mk/content.pdf



Профилот на невработени високообразовани жени презентиран погоре открива постоечки родов стереотип каде најголемиот број на жени (220, 29%) се определиле за педагошка дејност што веројатно се должи на родовата улога на жената за грижа и воспитување, едукација на децата.

Од друга страна, големиот број на жени со завршен економски, технички, машински факултет (други 220 жени) сугерира на друг родов стереотип кај работодавачите да не вработуваат жени на работни места кои најчесто се сметаат за "машки" како на пример во погон, производство и сл.

Истовремено, ова се должи на достапноста на ваков вид на образование во Битола, а не доволно работни места во општината за истите профили.

Ова особено се потврдува со вкрстената анализа на податоците од АВРМ за потребите од вештини на пазарот на труд за периодот 2015/2016 год. која обезбедува одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на труд.

**График 3** - Очекувани вработувања според степен на образование




Имено, според сознанијата добиени од анкетното истражување за анализа на потребите од вештини, се предвидува зголемена потреба од лица со средно образование (над 63%) и основно образование (над 17%), додека со високо образование потребите се проценети на 10% ( График 3), додека **најмногу барани професии** се проценува да бидат програмери, информатичари, развивачи на софтвер, ИТ инженери, машински инженери, маркетинг агенти и сл. (Табела 4). Како **најмалку барани професии** и во иднина се проценуваат наставници, учители и туристички работници заедно со профили од јавна администрација. Оттука се јавува и потребата од преквалификација на 275 жени од овие профили во нови професии заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на труд.

**Табела 2** - Листа на најбарани и најмалку барани професии

| **Најмногу барани професии** | | | |
|---|---|---|---|
| програмери | инженери на софтвер | машински технолози за одржување на процесна опрема | инженери за организација на производство |
| информатичари | градежни инженери | маркетинг агенти | архитекти |
| систем администратори | машински инженери | економисти (за финансии, осигурување, банкарство, менаџмент) | фармацевтски технолози |
| развивачи на софтвер | графички дизајнери | правници | |
| **Најмалку барани професии** | | | |
| учители | наставници | туристички работници | јавна администрација |

Во однос на вештините кои невработените лица треба да ги поседуваат за да бидат атрактивни на пазарот на труд, АВРМ посочува дека работодавачите најмногу ја нагласуваат потребата од познавање на три конкретни вештини:

- странски јазици, (англиски, германски, италијански)
- познавање на основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad)
- напредни знаења и вештини од областа на информатичката технологија (сервер администратор, CISCO, Java programmer, Oracle)

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност, тимска работа, внесување и читање на податоци, флексибилност, продажба и маркетинг, менаџирање. Исто така, работодавачите ја нагласуваат потребата од задолжително поседување на сертификати за стекнатите знаења.

За да се провери дали невработените жени имаат некоја од овие вештини ЖГИ,,Клеа,, спроведе анкета на 88 невработени жени со високо образование, по случаен избор, од вкупно 760 невработени жени со високо образование (статистички значаен примерок од 11%).

Добиените податоци (Табела 3) покажуваат дека невработените жени со високо образование знаат странски јазици и имаат сертификат за истото, имаат возачка дозвола и знаат да користат компјутер, иако само половина од нив имаат сертификат за тоа. Вештините кои ги имаат но малку се сертифицирани за нив се лидерство, комуникациски вештини, внесување на податоци и продажба и маркетинг. Во таа насока треба да се насочат и мерките кои ќе бидат наменети за оваа целна група на невработени лица во О.Битола.



**Табела 3** - Капацитети и вештини кои ги поседуваат невработените жени со високо образование

| | | Да | Не | Имаат серти-фикат | Немаат сертификат |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на испитанички** | 88 | | | | |
| **Возраст** | 25 до 32год. | | | | |
| **Години на чекање за вработување** | 1 до 7год. | | | | |
| **Завршен факултет** | 23- педагошки факултет<br>20- економски факултет<br>13- правен факултет<br>10- технички факултет<br>9- филолошки факултет<br>5-биохемија | | | | |
| **Вид на вештина** | познавање на странски јазик | 100% | 0% | 80% | 20% |
| | компјутери (MS Office, Auto Cad), | 74% | 26% | 52% | 48% |
| | комуникациски вештини | 94% | 6% | | |
| | лидерство и менаџирање | 88% | 12% | | |
| | возачка дозвола | 72% | 28% | 72% | |
| | амбициозност | 100% | 0% | | |
| | одговорност, доверливост | 100% | 0% | | |
| | тимска работа, | 90% | 10% | 63% | |
| | прецизност, вештина за внесување и читање на податоци, | 97% | 3% | | |
| | продажба и маркетинг, | 82% | 18% | | |
| | флексибилност, | 93% | 7% | | |
| **Дали сте посетувале обуки организирани од АВРМ по завршување на факултетот** | | 63% | 37% | | |

## 6. Буџетска анализа и главни наоди

Бидејќи општината со ниту еден документ, мерки и активности не ја таргетира оваа група на граѓани, ЖГИ Клеа предлага општината да ги усвои следниве мерки за да овозможи решавање на невработеноста на жените кои имаат високо образование:

- поврзување на работодавците со невработените жени кои имаат професии барани на пазарот на труд, преку саем на работни места или специјални презентации и настани за подигање на свест кај работодавачите за разбивање на стереотипите околу “машки” и “женски” професии и промоција на жени на типично машки работни места;
- подигање на капацитетот за самовработување на жени кои имаат

професии не барани на пазарот на труд (учители, наставници, медицински сестри и сл.) преку искористување на можностите на проектот на УНДП, општинско корисна работа и дополнителни

- мерки и активности од страна на општината, како на пример организирање отворени денови за жени претприемачки (промоција добри практики); поддршка на старт-ап бизниси за жени.

мерки и активности кои треба да ги превземе О. Битола за зголемување на интересот на невработените жени со високо образование за самовработување (Табела 4).

**Табела 4** - Мерки и активности кои треба да ги превземе о.Битола за самовработување на невработените жени со високо образование

| Цел | Активности | Време | Ресурси | Извори | Показатели на успех | Кост ефективност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зголемен интерес на невработени жени со високо образование (педагошки, филолошки факултет и ВМШ), за отворање на сопствен бизнис** | Организирање отворени денови за жени претприемачки (промоција добри практики) | март април мај 2017 год. | 60.000 МКД- 20,000 МКД по настан | Буџет на Општина Битола | ● 3 настани – отворени денови за жени претприемачки ● број на посетители-најмалку 100 по настан ● број на медиумски објави за настаните | Со потрошени 60.000МКД ќе се одржат три настани на кои ќе бидат мотивирани 300 жени од целната група за отворање на сопствен бизнис |
| | Поддршка на старт-ап бизниси за жени: ● селекција на 100 кандидатки ● обука за бизнис план финансиска поддршка за отворање на бизнис | Јуни-септември 2017год. | 300.000 МКД ● оглас за кандидатки за старт ап бизниси ● обука за 100 жени за бизнис план 1.800.000 МКД доделување на грантови за 10 жени со најдобри бизнис планови | Буџет на Општина Битола | ● број пријавени кандидатки ● број на избрани кандидатки за обука за бизнис-план ● број на развиени бизнис-планови ● Број на жени кои ќе добијат грантови | ● Со потрошени 300.000 МКД ќе се обучат 100 жени за отворање бизнис-потрошени 3.000МКД за секоја жена ● Со потрошени 1.800.000 МКД - 10 жени ќе бидат финансиски поддржани за отворање бизнис-потрошени 180. 000 МКД за секоја жена |

Вкупно предложените средства од Табела 6, во износ од 2.160.000 МКД да се предвидат во буџетот на О. Битола за 2017год. Предлагаме наведениот износ да се планира во Г10 - Програма за локален економски развој, ставка 464 - Разни трансфери, потставка 464990 -

[5]Интервју со раководителката на Одделението за буџетска координација на О. Битола



Други трансфери[5]. Износот од 2.160.000 МКД претставува 5,4% од вкупниот износ на средства на Програмата за локален економски развој кој изнесува 39.800.000 МКД

Жените кои ќе бидат финансиски поддржани од О. Битола, ќе бидат поттикнати да ги искористат можностите кои ги нуди проектот за самовработување со кредитирање во рамки на активните политики за намалување на невработеноста од страна на АВРМ - (за дејности од помал обем за секое ново отворено работно место предвидено е по 3.000 евра, при што ќе се финансираат проекти со најмногу 3 работни места, односно до 9.000 евра) што ќе обезбедат реални предуслови за започнување на сопствен бизнис. Со предвидените мерки и активности кост ефективност ќе има целокупната заедница.

## 7. Добри примери и практики

Во О. Битола во 2007год. беше реализиран проектот ,,Едукација за жени претприемачки, услов за побрз економски развој,, поддржан од УСАИД. Во рамките на проектот беше доделена финансиска поддршка на 3 жени од О. Битола со најдобри бизнис планови, со цел реализација на нивните идеи за отворање сопствен бизнис.

Средствата беа издвоени од буџетот на О. Битола во вкупен износ од 900.000 МКД. Истите беа доделени во вид на кредит со грејс период од една година. Со доделените средства беа отворени две книговодствени бира и една мала фабрика.

Овие мерки и активности се покажаа како успешни и добар пример за поттикнување на женското претприемништво во О. Битола. Отворените бизниси се уште работаат, дополнително се вработени и други лица. Малата фабрика за дехидратација на овошје прерасна во поголема фабрика која успешно котира на пазарот на трудот.

## 8. Заклучок и препораки

Една од најзначајните области во кои разликите во положбата на жените и мажите остануваат значителни е економијата. Жените се соочуваат со отежнат пристап и дискриминација по основ на пол, на пазарот на трудот. Од таму произлегува важноста на економското јакнење на жените за постигнување долгорочна и одржлива родова рамноправност во О. Битола.

Локалната самоуправа на О. Битола како креатор на локалната политика треба да превземе конкретни мерки и активности за решавање на економското јакнење на жените во О. Битола поставувајќи го како приоритетен проблем. Посебна целна група на невработени жени во О. Битола треба да претставува групата на невработени жени со високо образование, за кои се потребни дополнителни мерки и активности за

[6]http://mtsp.gov.mk/proekt-za-samovrabotuvanje-so-kreditiranje.nspx

нивно вработување и самовработување. Тргнувајќи од изнесеното, во следниот период се предлага следното:

- Усвојувањето на постоечките документи за економско јакнење на жените од страна на Советот на О. Битола (Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола - Општина без дискриминација 2016/2018год. Акциски план за економско јакнење на жените 2016/2017год. Програмата за работа на КЕМ) подразбира обврска за решевање на ова прашање, односно планирање на средства од буџетот на О. Битола.
- За успешна и навремена реализација на предвидените мерки и активности во наведените документи, потребно е да се изготвуваат годишни планови со конкретни активности, мерки, индикатори и износи за тековната година. При тоа, треба да се води сметка индикаторите да се лесни за проверка и евалуација.
- Од буџетот на О. Битола за 2017год., конкретно да се планираат средства за економско јакнење на жените, за реализирање на предложените мерки и активности за намалување на бројот на невработени жени со високо образование, во износ од 2.160.000 МКД во Г10 - Програма за локален економски развој, ставка 464 - Разни трансфери, потставка 464990 - Други трансфери.
- Анализата од податоците добиени од АВРМ покажа дека 41% од невработените жени од О. Битола со високо образование поседуваат професии кои не се соодветни на барањата на пазарот на трудот (учители, наставници, туристички работници, јавна администрација, ВМШ). Останатите 59% поседуваат професии кои се соодветни на потребите на пазарот на трудот (технички факултет, машински факултет, економски факултет, правен факултет).
- Резултатите од направената анкета од страна на ЖГИ Клеа споредени со податоците од АВРМ покажаа дека околу 80% од испитаничките ги поседуваат потребните вештини и поседуваат соодветни сертификати. Она што отстапува е поседување на сертификати за основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad), како и стекнати напредни знаења и вештини од областа на информатичката технологија.
- Групата на невработени жени со високо образование со соодветни професии на потребите на пазарот на труд треба да се поддржат преку нивно поврзување со потенцијални работодавачи на саем на работни места или преку специјални презентации. На тој начин се претпоставува дека полесно ќе најдат вработувања, имајќи во предвид дека најголем дел од нив поседуваат и други барани знаења и вештини од страна на работодавачте.
- Невработените жени кои немаат соодветни професии со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот, претставуваат целна група која треба да биде опфатена со дополнителни мерки и активности од страна на општината.
- Искористување на проектот општинска корисна работа меѓу О. Битола и УНДП за основање на приватни градинки, пред училишни установи, училишта, старски домови, услуги на нега за стари и изнемоштени лица во дневни центри или во домашни услови кои се приоритетни потреби на жените и можат да ги апсорбираат невработените жени со несоодветни професии на пазарот на трудот (41% од вкупно високообразовани невработени жени во кои влегуваат професии со завршен педагошки факултет (220 невработени жени), филолошки факултет (30 невработени жени) и висока медицинска школа (22 невработени жени), или вкупно 272 жени).
- За активностите кои ќе овозможат едукација на високо образованите жени за стекнување на вештини и знаења за отварање сопствен бизнис потребно е од буџетот на О.Битола за 2017год. да се издвојат по 3.000 МКД за секоја жена (вкупно 300.000 МКД за 100 жени).
- За финансиска поддршка на високо образованите жени за отворање сопствен бизнис потребно е од буџетот на О. Битола за 2017год. да се издвојат по 180.000 МКД за секоја жена (вкупно 1.800.000 МКД за 10 жени).

## 9. Литература


- Профил на Општина Битола
  http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2016/09/BITOLA-Profil.pd
- Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола, Општина Битола - општина без дискриминација, Декември 2015год.
  http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wpcontent/uploads/2016/03.pdf
- Локален акциски план за економско јакнење на жените во Општина Битола 2016/2017, Ноември 2015год.
- http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2016/03.pdf
- Службени гласници на Општина Битола, Програма на КЕМ за 2016год.Сл.гласник бр.16,2015год.
  http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2015/05/SluzbenGlasnik_16_2015.pdf
- Буџет на Општина Битола за 2016год. http://www.bitola.gov.mk-2016/
- Агенција за вработување на Р. Македонија-анализи на потреби од вештини на пазар на трудот за период 2015/2016год.
  http://www.avrm.gov.mk/analiza-na-potrebi-od-veshtini-na-pazar-na-trudot.nspx